Врз основа на член 34.став 1 од Законот за јавни патишта бр. 84/08 измените на истиотсобр. 52/09, 114/09 , 124/10,23/11 и 53/11 и др, Законотзаградежноземјиште и измените и дополните на истиот ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16)и Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост („Службенвесникна РМ" бр. 193/16) и чл. 14 став 12 од Статутот на Општина Крива Паланка (СлужбенгласникнаОпштинаКриваПаланка бр. 8/2010, 8/2014 ,2/2018 и 3/2019), Советот на Општина Крива Паланка , на седницата одржана на 06-11-2019 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А

## За изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2020 година

**ВОВЕД:**

Донесувањето на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2020 година,е законска обврска од Законот за јавни патишта. Оваа програма ги опфаќа планираните нови градби и реконструкции на локални улици и патишта, како и довршување на започнатите активности.

Согласно со Законот за јавни патишта за изградба и одржување на дел од асфалтните и земјани патишта кои се на територијата на општината, а кои се рангирани како меѓународни, магистрални и регионални патишта надлежно за изградба, реконструкција и одржување е ЈП за државни патишта преку ЈП Македонија Пат, а за поголемиот дел во должина од околу 85 км асфалтен коловоз и околу 80 км земјан коловоз надлежна е општината.

На територијата на општина Крива Паланка постојат 34 населени места кои главно се доста оддалечени од градот. Тоа подразбира долга основна мрежа на локални патишта до централниот дел на селата која е главно со асфалтен коловоз, но и разгранета секундарна мрежа од земјани патишта кон пооделни маала во селата кои се главно од разбиен вид.

И покрај тоа што во изминатиов период доста се инвестираше во изградба и реконструкција на локалната патна мрежа, сепак потребни се уште многу повеќе средства за подобрување на глобалната состојба на општинско ниво.

Општина Крива Паланка во текот на 2020 година за реализација на дел од активностите кои се предвидени со оваа Програма има обезбедено значителни финансиски средства од Агенцијата за финансиска подршка на руралниот развој, а се очекува прилив на средства и од Министерство за локална самоуправа-Биро за регионален развој, од Министерство за транспорт и врски, ЈП за патишта на РМ, други институции, како и сопствено учество. Се разбира дека општината ќе учествува и со сопствени средства како кофинансирање и за делот на исплата на ДДВ.

### 1. Техничка документација за улици и локални патни правци:

**Општината секоја година распишува јавна набавка и склучува рамковен договор со фирма за проектирање на локални улици и патишта и посветува значително внимание на оваа област, имајки во предвид дека без добро подготвена и спремна техничка документација тешко може да се аплицира за реализација на проектите пред меѓународни и државни институции**

Покрај изработката на нова техничка документација во текот на 2020 год. дел од средставата ќе бидат наменети и за да се изврши доработка и комплетирање на дел од постоечка стара техничка документација и нејзино усогласување со важечките закони.

За разлика од порано кога изработката на техничката документација беше исклучиво со средства од буџетот на општината, оваа година е најавено од Министерството за транспорт и врски и Министерство за финансии донација во вид на грантови за проектирање на локални улици и патишта. Од наша страна веќе се доставени барања за користење на овие средства и се посочени конкретни проекти кои би ги обезбедиле со овие средства.

### 1.1 Техничка документација за улици во рамки на урбанистички план

-Изработка на техничка документација за дел од ул. Калин Камен во продолжеток на постоечки асфалт со потребни потпорни зидови.

-Изработка на техничка документација за дел од ул. „Борис Трајковски“ спој со ул.“Св.Јоаким Осоговски“ кон ул.“11ти Октомври“.

-Изработка на техничка документација за дел од ул. „Момир Стојановски“ испод т.н Криворечка продавница

-Изработка на техничка документација за сервисна улица покрај дел од речно корито на потегот од градски пазар до петља

-Изработка на техничка документација за улица и пристапи на локалитет испод детска градинка „Детелинка“ согласно со урбанистички план

-Изработка на техничка документација за дел од ул. „Ристена Гогова “ во продолжеток на постоечки асфалт.

-Измена и докомплетирање на техничка документација за Изградба и реконструкција на улица на локалитетот покрај Дурачка Река,потег: Дом на Култура- Маневски Мост.

-Докомплетирање на документација за дел од ул.„Климент Охридски“-преку Цонев Рид кон спој со ул.Горан Стојановски и понатаму кон Белевски Дол.

-Изработка и доработка на техничка документација за други неспомнати улици, делови или краци од улици.

-Изработка на проекти за санација на одрони и свлечишта на локални улици и патишта.

### 1.2 Техничка документација за локални патни правци

-Изработка на техничка документација за изградба на патен правец Нас .Белево-м.в.Каменс.Конопница.............................................................................................................Л = 3,00км
-Изработка на техничка документација за патен правец „Трнска маала – Борово“..................................................................................................................Л = 1,00 км
-Докомплетирање на техничка документација за
Локален пат с.Градец – Габарско ливаѓе.............................. ..................................Л = 1,50 км

--Докомплетирање на техничка документација за патен правец во с. Крклја врска со постоечки асвалтиран патдо маалите( Џиковци и Тукарци) ............. Л = 3,00 км
- Докомплетирање на техничка документација за патен правец Крива Паланка – с. Кошари –Калин Камен .............................................................. Л = 7,00 км
-Докомплетирање на техничка документација за изградба на патен правец Од спој со ул.Климент Охридски кон Мартиница ....................................................Л = 2,50 км
-Докомплетирање на документација за изградба на локален пат од с.Т`лминци до с.Конопница.......................................................................Л = 1,43 км
-Докомплетирање на документација за изградба на локален пат од с.Градец до мв.Испосница-мв.Градиште..........................................................Л = 0,94 км
-Докомплетирање на документација за изградба на патен правец маала Стамболици- Крстата Падина.....................................................................Л = 1,20 км.
-Доработка на техничка документација за доизградба и реконструкција на патен правец од спој со А2-према црква во с. Длабочица................................Л = 4.00 км
- Докомплетирање на техничка документација за изградба на Локален пат с. Крклја, чешма дервен- с. Варовиште – Манастир..........................Л = 4,50 км
-Докомплетирање на техничка документација за патен правец Мождивњак –Острец- Каврак.................................................... ...........................Л = 7,00км
-Изработка, доработка и докомплетирање на техничка документација за други неспомнати патни правци и делови или краци од локални патни правци
-Изработка на техничка документација од Маневски мост кон с.Дурачка река со два крака и тоа едниот со должина од 300м а другиот со должина од 70м

## 2. ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА

### 2.1. Изградба, реконструкција или рехабилитација на улици:

-Дел од ул.„Вршачка“ покрај Макоил
-Делови одУл. „Пере Тошев“-краци во нас. Бегови Бавчи
-Дел од ул. „БорисТрајковски“
-Дел од ул. „Климент Охридски“ покрај Скрљавски Дол
-Дел од ул „Кочо Рацин“
-Дел од ул. „Осоговска“
-Поплочување или асфалтирање на други помали делови или краци од постоечки улици.

### 2.2 Изградба, реконструкција или рехабилитација на локални патни правци:

-Изградба на дел од локален пат во с. Трново .................................................... Л = 0,50 км.
-Изградба на локален пат во с.Голема Црцорија делница од асфалт маала Рупје до маала Баратлици и крак до школо.............................................................Л = 3,02 км
-Изградба на локален пат во с. Конопница (Лиска-Стублица-кон.А2).......................Л = 1,50 км
- Реконструкција на локален пат Мотел-Манастир (стара траса)..............................Л =3,00 км
-Изградба на локален пат кон градски гробишта во с. Конопница.............................Л = 0,85 км
-Пристапен пат Мезовски Ливади –с. Градец со краци (по фази)..............................Л =2,00 км
-Изградба на локален пат Градечко Брдо –Габерско Ливаѓе................................... Л= 1,50 км
-Изградба на локален пат во с.Дурачка Река кон м.в. Метоф...................................Л=1.00 км
- Изградба на локален пат во с.Дурачка Река околу свлечиште................................Л=0,40 км
-Патен правец Крива Паланка – с. Кошари прва фаза............................................ Л = 2,50 км
-Реконструкција и рехабилитација на патен правец М-2 – с. Длабочица .................Л= 2,62 км
-Изградба на локален пат маала Стамболици- Крстата Падина.............................Л = 1,20 км.
-Изградба, реконструкција и рехабилитација на други неспомнати локални патни правци

## 3. Одржување на локална патна мрежа и заштита на косини

Во изминатиов период беа вложени значителни средства од буџетот на општината за подобро одржување и заштита на локалната патна мрежа, што ќе продолжи и во наредната година, како би се придонело за побезбеден моторен сообраќај на подрачјето на Општина Крива Паланка.

За одржување на некатегоризирани маалски патишта со земјан коловоз во селските населби, општина Крива Паланка по доставени барања и според Програмите за работа доставени од Месните Заедници или група граѓани, коисе оправдани и одобрени, ќе врши соодветно ангажирање на градежна механизација преку ЈП Комуналец или други економски оператори со кои има Договор.

### 3.1 Делумна санација, делумно пробивање, одводнување,насипување и дотерување на нивелета на постоечките локални патни правци со земјан коловоз

-Патен правец Арбанашки Дол - с.Жидилово............................................ Л = 2,00 км
-Патенправец Манастир - споменик во с. Кркља......................................... Л = 2,00 км
-Патен правецс.Градец - (Крстата падина),....................................................... Л = 1,00 км
-Патен правец завршеток на асвалт с.Трново-Караула Коприва........ ............ Л = 3,00 км
-Патен правец Киселичко основно школо м.в.Дебело брдо-Вели врв. .............Л= 2,00 км
-Патен правец М2- с.Кркља - до Споменик..................................................... Л = 2,00 км
- Патен правец Дреље - с. Киселица према Репетитор
маали Долга Артина,Попова Чука и Рашки Рид-С.Добровница ......................Л = 2,50 км
-Патен правец спој со Регионален пат Крива Паланка - Огут
до с. Осиче преку маала Дервенџици............................................................... Л=1,00 км
- Локален пат с. Нерав (Црквена маала) ..........................................................Л= 3,50 км
-Локален пат Крива Паланка (Ловачки дом-ресторант)
према Радевска маала с:Мартиница .................................................. ......Л= 3,00 км
-Локален пат Крива Паланка од Нас.Скрљава с.Мартиница
(Калакасовска маала до с.Дренак) ..................................................................... Л= 8,00км.
-Локален пат с.Мождивњак маала Чивлик.......................................................... Л= 0,50 км
- Патен правец во с. Кркља врска со постоечки асвалтиран пат
с.Жидилово до маалите Џиковци и тукарци –Калин камен ................................Л=3,00 км
-Патен правец со земјан коловоз од м. в.Метоф с. Дурачка Река
до с. Дренак ........................................................................................................... Л= 8,00 км
-Локален пат во с. Кркља од асфалтен пат до маала Бариштарци.....................Л = 1,00 км
-Локален пат во с. Мождивњак од асфалтен пат до маала Деа Даневци ..........Л = 1,00 км
-Локален пат во с.Конопница од Домот до маала Чифлк...................................Л = 0,50 км
-Други неспомнати патни правци или пристапни патишта кон селски
населби со земјан коловоз по одобрени барања на месни заедници или
локално месно население и насоки од колегиум и проценка на стручни служби

### 3.2 Санација на свлечишта и заштита на косини на локални улици и патишта со изградба на потпорни зидови и поставување на габиони и заштитна мрежа

Со оглед на рељефно-климатските и геомеханички карактеристики на земјиштето, во изминатиов период интензивирани се појави на свлечишта и одрони на делови од улици и локални патни правци на територијата на општина Крива Паланка. Тоа бара преземање на соодветни мерки за заштита на косините и трупот на патот за што се потребни значителни финансиски средства.

### 3.3. Крпење на ударни дупки

Како и минатите години и во текот на 2020 год ќе бидат предвидени значителни средства за крпење на ударни дупки и замена на оштетени делови од асфалтни коловозни површини. Притоа, се планира повеќе внимание да се посвети на локалните патни правци.

**П Р И Х О Д И:**

1. Средства од Министерства, Агенции и др. државни органи.............30.000.000,00
(напомена: овие средства кои се во форма на грантови зависно од Програмата за финансирање не поминуваат целосно преку општинскиот буџет)
2. Средства од ЈП за патишта на РМ за одржување на локална патна мрежа...............................................................................................4.000.000,00
3. Средства од буџет на Општина Крива Паланка .................................20.000.000,00

**В К У П Н О: 54.000.000,00**

**Р А С Х О Д И**

1.Изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патни правци и улици во Општина Крива Паланка..................................36.000.000,00
3.Изработка и доработка на техничка документација ...................... 1.500.000,00
4. Делумна санација, делумно пробивање, одводнување, насипување и дотерување на нивелета на постоечките локални патни правци ...... 4.500.000,00
5. Одржување на изградената патна мрежа , поставувањена нови и чистење на постоечки пропусти и крпење на ударни дупки................... 9.000.000,00
6. Санација на одрони и свлечишта.................................................. 3.000.000,00

**В К У П Н О: 54.000.000,00**

**Бр.09-3567/31**
**06.11.2019 год.**
**КриваПаланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**